ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “ВОДОВОД” ц.о.
Ndermarrja publike “VODOVOD” c.o.
Бр.Nr. 05-353/1
23.02.2021 год. viti
КУМАНОВО – KUMANOVE

Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги
ИДС-КОМ
ДООЕЛ експорт-импорт Куманово
Примено: 01.03.2021

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0307 | 1146 | | |

**ДОГОВОР**

**За јавна набавка на компјутери и компјутерска опрема Дел 1-компјутери, печатачи и компјутерска опрема за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1 (една) година.**

Склучен на ден 23.02.2021 година помеѓу:

**1**. ЈП ВОДОВОД Куманово, со седиште во Куманово на ул.Фетка Наскова бр. 22 Куманово со МБС 4031245 застапувано од Горан Стојковски ВД Директор, во понатамошен текст: Договорен орган, и

**2.** Друштво за производство,трговија инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Куманово со седиште во Куманово на ул.Х.Т.Карпош бр.85 и ЕМБ 6073433 застапувано од Управителот Јулијана Стојчевска , во понатамошен текст: Носител на набавката.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на компјутери и компјутерска опрема опрема Дел 1-компјутери, печатачи и компјутерска опрема за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово согласно техничката спецификација од прифатената понуда, согласно одлуката за јавна набавка , по Оглас бр. 00390/2021, и одлуката за избор на најповолна понуда од 17.02.2021 година
Спецификацијата на предметот на набавката по вид, количини и квалитетет е дадена во понудата е составен дел на овој договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната вредноста на набавката од член 1 на овој договор изнесува 630.132,20 денари со пресметан ДДВ, односно вкупна вредност без ДДВ 593.590,00 денари и ДДВ на износ од 36.542,20 денари.
Во цената се пресметани царината, данокот на додадена вредност,трошоци за транспорт и други трошоци до седиштето на Договорниот орган.
Договорниот орган нема обврска да го порача предметот на набавката во вкупните количини наведени во спецификацијата од член 1 од Договорот.

**РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (Корекција на цени)**

**Член 3**

Не се предвидува корекција на цените , односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една ) година од денот на неговото склучување или до целосна реализација на вредноста на договорот ( што прво ќе достаса).

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува предметот на договорот да го испорачува сукцесивно, најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прием на писмената нарачка на Договорниот орган во магацин на ЈП “Водовод“ Куманово.
Испораката на стоките се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.
При секоја испорака на предметот на набавката носителот на набавката задолжително доставува декларација за доставената стока и сертификат за квалитет од производителот.
Во колку поради ненавремена испорака од страна на Носителот на набавката ќе предизвикаат штетни последици кај Договорниот орган истиот може да бара и надомест на штета.

**КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ**

**Член 6**

Квантитативниот и квалитативниот прием на предметот на набавката ќе го вршат лица овластени од страна на ЈП ВОДОВОД Куманово.

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка опишан во член 1 од овој Договор, врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Документот (испратница) треба да е пополнет во три примероци и мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од Договорниот орган.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока/и.

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката опишан во Член 1 од овој Договор согласно со квалитетот и техничките спецификации (барања), карактеристики и доставените сертификати наведени во прифатената понудата кои се составен дел на Договорот.

Доколку квалитетот отстапува од утврдениот во овој договор, набавувачот има право да бара замена на предметот на набавката доколку е тоа можно, а доколку Носителот на набавката не ја заврши замената, Договорниот орган го задржува правото да бара надомест на штета.

Договорниот орган нема обврска да го порача предметот на набавката во вкупните количини наведени во спецификацијата од член 1 од Договорот.

**Член 7**

**Гарантен период**

Гарантен рок на испорачаните стоки е 12 (дванаесет) месеци од денот на испорака.

Носителот на набавката, го гарантира исправното функционирање на стоката/те во текот на 12 месеци, сметајќи од денот на неговото предавање на Договорниот орган. Договорниот орган може, ако стоката/те не функционира исправно да бара од Носителот на набавката, поправка или замена на стоката/те во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.

Тој има право на надомест на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на стоката/те од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.

Ако е заменет или суштествено поправен само некој дел од стоката/те, гарантниот рок почнува повторно да тече само за тој дел.

**Член 8**

Испорака на предметот на набавката, Носителот на набавката ќе врши исклучиво врз основа на порачка на Договорниот орган.

Порачката од став 1 на овој член ја издава Договорниот орган и истата треба да биде потпишана од овластено лице.

**Член 9**

Порачката за предметот на набавката ќе содржи: вид на стока и количина .

Секоја испорака на предметот на набавката од страна на Носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка од Договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Носителот на набавката.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на испорака на стоката и прием на фактурата со целокупната пропратна уредно заверена документација, во архивата на ЈП Водовод Куманово.

Составен дел на фактурата е испратницата потпишана од двете договорни страни.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ,НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Во случај на доцнење со неиспорака на резервните делови или сервисирање напредметот на набавката од член 1 од овој договор од страна на Носителот на услугата, неисполнување или неквалитетно извршување на услугите Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,5 % од вредноста на договорот за секој ден на доцнење.Договорната казна неможе да надмине 5% од вкупната вредност на договорот определена со член2 од овој договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 12**

Двете договорени страни можат да го раскинат овој Договор во случај некоја од договорените страни да не ги исполнува своите обврски, односно одредбите дефинирани со овој Договор.

Договорниот орган може еднострано да го раскине Договорот со доставување Изјава, во рок од 15 дена во случај:

- ако Носителот на набавката не ги извршува своите обврски или било која обврска дефинирана во одредбите од овој Договор и ако го доведува во прашање извршувањето на договорените обврски;
- ако Носителот на набавката се најде во состојба да не може да ги извршува повеќе своите обврски;
- ако настанат вонредни околности кои оневозможуваат извршување на Договорот.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 13**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

Договорените страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да важат позитивните законски прописи и законот за облигациони односи.

**Член 15**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот.
Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна, ќе и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполнила својата обврска ниту во определениот рок, ниту во дополнителниот примерен рок, другата договорна страна може да го раскине договорот и има право да бара надомест на штета.

**Член 16**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е за тоа да ја извести другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**Член 17**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 18**

Изменувања и дополнување на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите на позитивните законски прописи во Република Северна Македонија и тендерската документација.

Договорната страна која бара изменување или дополнување на договорот своето барање е должна да го достави до другата договорна страна во писмена форма.

**Член 19**

Сите спорови по овој договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а до колку тоа не се постигне, за нивно разрешување, странките договараат месна надлежност на Основен суд Куманово.

**Член 20**

Овпој договор се смета за склучен и стапува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни , односно на денот кога е потпишан од договорната страна која последна го потпишала во случај кога договорот не е потпишан во истиот ден од двете договорни страни

**Член 21**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорена страна.

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавка |
| ЈП ВОДОВОД Куманово | ИДС-КОМ ДООЕЛ Куманово |
| Горан Стојковски | Јулијана Стојчевска |
| ______________________ | ______________________ |
| Одговорно лице | Одговорно лице |

## ДЕЛ 1 - Конечна Техничко и финансиска понуда за набавка на компјутери, печатачи и компјутерска опрема

| Р. Бр. | Назив и технички карактеристики на предметот на набавка | | Податоци за стоката која се нуди, модел, производител, земја на потекло | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Компјутер | минимални вредности: | | парче | 2 | 56000 | 112000 | 5600 |
| | | Процесор мин: 8core/16thread јадрен со минимум работна фрекфенција 3.0Ghz | AMD Ryzen 7 2700 3.2 GHz 8 core 16 threads / i7-10700 up to 4.8GHz 8core/16threads | | | | | |
| | | Меморија мин: 32 GB DDR4 мин: работна фрекфенција 2000 MHz | DIMM 32GB DDR4 2666MHz Gskil | | | | | |
| | | Хард Диск мин: 480GB SSD NVMe + мин:2x1TB/7200 Sata III | Intenso 480GB PCIe NVMe<br>HDD 1TB SEAGATE 3.5" 64MB SATA-3 7200rpm x 2 | | | | | |
| | | Уред за слика: мин 4GB GDDR6 | ASUS PH-GTX1660S-O6G GDDR6 | | | | | |
| | | Мултимедиа: Integrated | integrated | | | | | |
| | | Мрежна картичка: 10/100/1000 Mbps | 10/100/1000 Mbps | | | | | |
| | | Куќиште со вградено напојување мин: 800W | Case + PSU 800w | | | | | |
| | | Оптички уред: BR RE +/-R | ASUS Internal Blu-ray, Black Color, BD-R Write Speed: 16X, DVD+R | | | | | |
| | | Оперативен систем: Windows 10 Professional x64 или еквивалентно | Windows 10 Professional x64, Кина | | | | | |
| 2 | Компјутер | минимални вредности: | | парче | 10 | 11000 | 110000 | 5500 |
| | | Процесор мин: 4 јадрен со минимум работна фрекфенција 2.0Ghz | Intel i5-3470 3.2GHz 4 core 6MB cache | | | | | |
| | | Меморија мин: 4 GB DDR 3 мин: работна фрекфенција 1333 MHz | Kingston 4GB DDR3 1333MHz | | | | | |
| | | Хард Диск мин:500 GB/7200 Sata III | WesternDigital WD 500GB Sata III 7200rpm | | | | | |
| | | Уред за слика: вграден на матична плоча со ВГА приклучок | integrated VGA | | | | | |
| | | Мултимедиа: Integrated | da | | | | | |
| | | Мрежна картичка: 10/100/1000 Mbps | da | | | | | |
| | | Куќиште со вградено напојување мин: 400W | Intec 400W | | | | | |
| | | Оптички уред: DVD RW +/-R | LG DVD RW +/- R | | | | | |
| | | Оперативен систем: Windows 10 Professional x64 или еквивалентно | Windows 10 pro x 64 (Windowds 8.1 pro 64bit upgradable to Win10pro 64bit), Кина | | | | | |
| 3 | Скенер - колор | минимални вредности: | CanoScan LiDE 300<br>2400x2400 dpi<br>Connector Hi-speed USB 2.0<br>Bit depth: 48 bit<br>Gray scale levels: 256<br>scanning speed 10sec<br>Windows 10、Windows 8.1、Windows 7 SP189<br>Operation can only be guaranteed on a PC with pre-installed Windows 7 or later.<br>OS X 10.11.6、macOS 10.12〜macOS 10.13, Кина | парче | 2 | 3000 | 6000 | 300 |
| | | Формат: А4 | | | | | | |
| | | Резолуција мин:1200 dpi | | | | | | |
| | | Поврзување: Hi-Speed USB 2.0 | | | | | | |
| | | Bit depth: 48-bit | | | | | | |
| | | Gray scale levels: 256 | | | | | | |
| | | Брзина на скенирање во preview:макс: 10 sec | | | | | | |
| | | ОС: Microsoft Windows 7 ready или еквивалентно | | | | | | |
| 4 | Ласерски печатач | минимални вредности: | Xerox Phaser B400DN | парче | 4 | 22000 | 88000 | 4400 |
| | | Ласерски (црно бел) | Laser Monochrome | | | | | |
| | | Формат: А4 со вграден автоматски дуплекс | A4 with integrated Duplex | | | | | |
| | | Резолуција: 600 x 600 dpi | Up to 1200 x 1200 dpi | | | | | |
| | | Меморија мин: 256 MB | 2GB | | | | | |
| | | Брзина мин: 45 ppm | up to 47ppm | | | | | |
| | | Печатење на прва страна макс:12 sec | As fast as 8 seconds | | | | | |
| | | Работен циклус мин: 8000 стр./месец, макс: 20000 стр./месец | Up to 150 000 pages per month | | | | | |
| | | Капацитет на тонер: мин 10000 А4 страници/5% покриеност | 25,300-page Extra-high Capacity Toner Cartridge | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Капацитет на фиока за хартија: мин 500 листа | total 700 pages (150-sheet multipurpose tray and 550-sheet tray 1) | | | | | |
| | | Вклучен сет од тонери за мин 50000 А4 страници/5% покриеност | da | | | | | |
| | | Поврзување: LAN Print Server | da LAN Print server, Кина | | | | | |
| 5 | InkJet печатач | минимални вредности: | Epson L1300 | парче | 1 | 20000 | 20000 | 1000 |
| | | InkJet колор | InkJet колор | | | | | |
| | | Формат: мин А3+ | A3+ | | | | | |
| | | Резолуција: 1440x1440dpi | 5706 x 1440 dpi | | | | | |
| | | Брзина мин: 15 ppm | 30 ppm | | | | | |
| | | Фабрички вграден CISS систем | CISS, Кина | | | | | |
| 6 | Таблет | минимални вредности: | Samsung Tab S7 | парче | 3 | 45000 | 135000 | 6750 |
| | | мин 10" Full HD 16x9 екран на допир | 11 inc IPS CD capacitive touchscreen 16:10 | | | | | |
| | | Процесор мин: 6 јадрен | 8 core | | | | | |
| | | Меморија мин: 128GB | 128GB | | | | | |
| | | RAM: мин: 6GB | 6GB | | | | | |
| | | Вграден WiFi, GPS и Bluetooth | da | | | | | |
| | | Вградена батерија мин: 8000mAh | Li-Po 8000 mAh | | | | | |
| | | Поврзување USB Type C | USB3.2, Type-C, Кина | | | | | |
| 7 | Монитор | минимум 22" LCD Wide минимум резолуција 1680x1050, максимално време на одзив 16ms | MONITOR ST 22NE5000 FHD VGA HDMI 8ms, Кина | парче | 5 | 3800 | 19000 | 950 |
| 8 | Монитор | минимум 27" LED Wide минимум резолуција 2560x1440, IPS екран, максимално време на одзив 16ms | ASUS 27" Wide PB278QR 2560x1440 IPS 5ms, Кина | парче | 1 | 16400 | 16400 | 820 |
| 9 | Тастатура | USB со вклучен PS/2 адаптер | Gembird USB + USB to PS/2 adapter, Кина | парче | 15 | 350 | 5250 | 262.5 |
| 10 | Mouse | Оптички, USB со вклучен PS/2 адаптер | UGO USB + USB to PS/2 adapter, Кина | парче | 15 | 250 | 3750 | 187.5 |
| 11 | Хард Диск | вградлив, минимум 500 GB/7200 rpm SATA поврзување, минимум 16MB кеш меморија | HDD 3.5" 500GB SEAGATE SATA2 7200RPM 16MB, Кина | парче | 2 | 900 | 1800 | 90 |
| 12 | Хард Диск за сервер DELL R530 | вградлив, минимум 600GB/10K rpm SAS поврзување, минимум 64MB кеш меморија, во комплет со сет за вградување | вградлив, 600GB/10K rpm SAS 64MB w / Drive Tray Caddy 400-AJPH, Кина | парче | 2 | 9000 | 18000 | 900 |
| 13 | Меморија | минимум 4 GB DDR III | kingston 4GB DDR3, Кина | парче | 2 | 850 | 1700 | 85 |
| 14 | Звучници за компјутер | минимум 2x2W | Omega 2x3w, Кина | пар | 2 | 180 | 360 | 64.8 |
| 15 | Хард Диск | надворешен, со кутија, минимум 2TB, 2.5", поврзување min USB 3.0 | HDD External 2.5" 2TB USB 3.0 Intenso, Германија | парче | 1 | 3600 | 3600 | 180 |
| 16 | Оптички уред DVD RW +/- R | | LG DVD RW +/- R, Кина | парче | 1 | 300 | 300 | 15 |
| 17 | USB Кабел | продолжен должина минимум 2 м | cablexpert 3m, Кина | парче | 2 | 70 | 140 | 25.2 |
| 18 | USB Кабел | тип A->B (принтер)должина минимум 2 м | omega 3m, Кина | парче | 2 | 65 | 130 | 23.4 |
| 19 | Компакт диск (CD) | минимум 700MB | omega CD 700MB, Кина | парче | 250 | 9 | 2250 | 405 |
| 20 | Дигитален видео диск (DVD-R) | минимум 4,7GB | Freestyle DVD 4.7GB, Кина | парче | 250 | 10 | 2500 | 450 |
| 21 | ATX напојување | мин 500W | ATX Matrix 500W, Кина | парче | 5 | 550 | 2750 | 495 |
| 22 | USB меморија | мин: 16GB | USB Drive 16GB Kingston, Кина | парче | 8 | 250 | 2000 | 360 |
| 23 | USB меморија | мин: 64GB | USB Drive 64GB verbatim, Кина | парче | 2 | 600 | 1200 | 216 |
| 24 | SD мемориска картичка | мин:128 GB, брзина: class10 или еквивалентно | Secure Digital Micro Kingston 128GB SDXC Canvas Select cl10 UHS-I , Кина | парче | 2 | 720 | 1440 | 259.2 |
| 25 | Баркод читач | рачен, 2D, USB поврзување | BarCode Scanner Symcode MJ-4000 2D Handheld USB Laser Wired+Wireless Black with Stand, Кина | парче | 2 | 3200 | 6400 | 1152 |
| 26 | Switch | 10/100/1000 Mbps, минимум 8 port | Lanberg Switch 8port 10/100/1000 DSP1-1008 , Кина | парче | 4 | 850 | 3400 | 612 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Switch | 10/100/1000 Mbps, минимум 16 port | Tenda Switch 16port 10/100/1000 TEG1016D, Кина | парче | 1 | 2200 | 2200 | 396 |
| 28 | Switch, L2 | 10/100/1000 Mbps, минимум 48 port | ZyXEL GS1900-48 Part No GS1900-48-EU0101F, Кина | парче | 1 | 11000 | 11000 | 1980 |
| 29 | CAT6 FTP кабел | | FTP Cable Cat6 100m Stranded Gembird, Кина | метар | 305 | 14 | 4270 | 768.6 |
| 30 | RJ45 конектор за CAT6 | | rj45 cat6 , Кина | парче | 100 | 5 | 500 | 90 |
| 31 | Телефонски кабел | | 4 wire phone cable , Кина | метар | 100 | 5 | 500 | 90 |
| 32 | Телефон безжичен | Екран: LCD, алфанумерички мин 1,4" | PANASONIC KX-TG2511FXM 1.4" | парче | 5 | 1350 | 6750 | 1215 |
| | | Автономија на батеријата во режим на приправност: мин 200 часа | 200 hrs standby time | | | | | |
| | | Автономија на батеријата при разговор: мин 12 часа | 17 hrs talk time | | | | | |
| | | Заклучување на слушалката | Keypad lock | | | | | |
| | | Идентификација на повик | Yes, 10 last numbers | | | | | |
| | | Телефонски именик: мин 40 броја | Phonebook: 50 names and numbers, Кина | | | | | |
| 33 | Работен час на сервис | | | час | 50 | 100 | 5000 | 900 |
| | | | | | | Вкупно: | 593590 | 36542.2 |

**Вкупна цена за дел 1 (без ДДВ) со бројки** 593590

**Вкупна цена за дел 1 (без ДДВ) со букви** петсто деveeсет и три илјади петсто и деveeсет денари

**Вкупна цена за дел 1 (со ДДВ) со бројки** 630132

**Вкупна цена за дел 1 (со ДДВ) со букви** шесто триесет илјади сто триесет и два денари

**Секое упатување на одреден стандард, трговска марка, производител и сл. наведен во техничките спецификации задолжително е проследен со зборовите “или еквивалентно”.**

Понудувачот задолжително ја пополнува колоната 3 од овој образец. Задолжително да се наведе тип и модел на стоките кои се нудат.

**Место и датум**

Куманово, 12.02.2021

**Одговорно лице**

Julijana Stojchevska

Digitally signed by Julijana Stojchevska
Date: 2021.02.12 17:57:17 +01'00'

Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт КУМАНОВО

***Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.**